**Порака од г-ѓа Одре Азуле, генерална директорка на УНЕСКО, по повод Светскиот ден на книгата и авторското право – 23 Април во 2024 година**

Книгите се покана за патување и за средба со „другиот“: со секоја свртена нова страница, пред нашите очи се појавува друг свет. На Светскиот ден на книгата и авторското право во 2024 година, би сакале да потенцираме колку е значајно да ги прославуваме моќта и убавината на книгите.

Книгите, во сите нивни форми, ни овозможуваат да учиме и да се информираме. Тие, исто така, нѐ забавуваат и ни помагаат да го разбереме светот, притоа нудејќи прозорец кон другоста.

За книгите да можат да го ослободат својот целосен потенцијал, од суштинско значење е тие да ја одразуваат јазичната разновидност на нашиот свет. Сепак, тоа не се случува денес; Мнозинството дела се објавени на само неколку јазици, а дигиталната технологија го поставува прашањето за лингвистичка хомогенизација.

Сепак, секој пишан јазик со себе носи одреден светоглед, со неговите симболи и неговите вредности.

Затоа, како дел од Меѓународната декада на домородните јазици (IDIL), започната уште во 2022 година, УНЕСКО го поддржува објавувањето книги и на домородните и на регионалните јазици. Од 2023 година работиме со издавачки куќи низ светот за да го објавиме насловот „Она што нѐ прави луѓе“ од Виктор Д.О. Сантос и Ана Форлати – илустрирана книга за деца која го слави лингвистичкото и културното богатство – на дури 14 јазици, вклучително и на Мапуче, Галициски и Марати.

УНЕСКО, исто така, ја поддржува книжевната индустрија во Африка, особено секторот посветен на издавање книги за млади луѓе. За да помогнеме да ја раскажеме историјата на ропството и да разговараме за неговите одеци во денешниот свет, во 2022 година ја лансиравме серијата „Bintou & Issa“ во партнерство со издавачката куќа „Langages du Sud“. Целта на серијата е да ги запознае децата со оваа тема уште од најрана возраст. Исто така, во соработка со „Langages du Sud“, и по повод Меѓународниот саем за издаваштво и книга во Рабат во мај 2024 година, ќе го лансираме првиот том од серијата „Les Balades de Nour“. Книгата ги поканува младите Мароканци да научат за нивното културно наследство на листата на УНЕСКО од поинаква перспектива.

Конечно, УНЕСКО го поддржува издавачкиот сектор и моќта на читањето преку својата мрежа на светски престолнини на книгата, дизајнирана да го зацврсти образованието за писменост и да ја промовира заштитата на авторските права и слободата на изразување. Стразбур, Франција, е назначен за Светска престолнина на

книгата за 2024 година. Целта е книгите да станат претпочитан медиум и за еколошките грижи на нашето време и за споделување на поврзаното научно знаење.

Конечно, ние сме посветени на поддршка на правичното наградување на сите оние што се вклучени во индустријата за книги, почнувајќи од авторите. На крајот на краиштата, зад секоја книга се крие цел синџир знаење и вештини што доведоа до нејзино создавање.

На овој ден, УНЕСКО ве поканува не само да ги славите читањето и културата, туку и вие лично да се заложите со своја поддршка.